



**ОСНОВЕН ПРОЕКТ ОД ПРВА КАТЕГОРИЈА ЗА КОНЗЕРВАЦИЈА, РЕСТАВРАЦИЈА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЗАШТИТЕНИ НЕДВИЖНИ ДОБРА И ДОБРА КОИ СЕ НАОЃААТ ВО ЗАШТИТЕНА СПОМЕНИЧКА ЦЕЛИНА ВО ОПШТИНА ШТИП**

ОБЈЕКТ:
КУЌА бр. 22

ЛОКАЦИЈА:
ул. Никола Карев бр.22
НОВО СЕЛО
ШТИП, МАКЕДОНИЈА

ИНВЕСТИТОР:
**ОПШТИНА ШТИП**

ДАТУМ:
ЈУНИ 2018

ФАЗА:
**КОНЗЕРВАТОРСКИ ПРОЕКТ**

РАКОВОДИТЕЛ НА ТИМОТ:
**ЦВЕТАНКА ХАЏИ ПЕЦОВА, д.и.а.**
**конзерватор советник**

ЧЛЕНОВИ НА СТРУЧЕН ТИМ:
**ВИОЛЕТА ЏУРОВСКА, д.и.а.**
**ЉУПЧО ЏУРОВСКИ, д.и.а.**

Ljupcho Djurovski

Digitally signed by Ljupcho Djurovski
DN: o=ARHIUM DOOEL uvoz-izvoz Skopje, serialNumber=4030993423069, c=MK, email=arhium@gmail.com, sn=Djurovski, givenName=Ljupcho, cn=Ljupcho Djurovski
Date: 2018.08.06 10:16:55 +02'00'

УПРАВИТЕЛ:
**ЉУПЧО ЏУРОВСКИ** ТЕХ.БР. 07-2018-3/1

архиум

А

А Т Е Љ Е З А А Р Х И Т Е К Т У Р А И Д И З А Ј Н

АРХИУМ дооел - СКОПЈЕ
ул. Донбас, 14
тел. 02/3132208
**E-mail: arhium@gmail.com**

Број: 0809-50/150120180030318

Датум и време: 22.5.2018 г. 08:10:31

# ПОТВРДА

## за регистрирана дејност

| ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 5547938 |
| **Назив:** | Друштво за производство,промет и услуги АРХИУМ Љупчо ДООЕЛ увоз-извоз Скопје |
| **Седиште:** | ДОНБАС бр.14 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР |

| ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ | |
|---|---|
| **Предмет на работење:** | Регистрирана е општа клаузула за бизнис |
| **Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:** | 71.11 - Архитектонски дејности |
| **Други дејности во внатрешниот промет:** | Нема |
| **Евидентирани дејности во надворешниот промет:** | Има |
| **Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:** | Нема |

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

**Изготвил:**

**Овластено лице:**

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ

**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

---

Врз основа на член 16 став (2) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13 и 79/13), Министерството за транспорт и врски издава

# ***ЛИЦЕНЦА А***
# ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ПРВА КАТЕГОРИЈА

НА

**Друштво за производство, промет и услуги**
**АРХИУМ Љупчо ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

**ул. Донбас бр. 14 Скопје**
**ЕМБС 5547938**

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **15.08.2020 година**

Број: **П.266/А**

**15.08.2013 година**
(ден, месец и година на издавање)

**МИНИСТЕР**

**Миле Јанакиески**

ТЕХ.БР. 07 - 2018 - 3

архиум

А

А Т Е Љ Е З А А Р Х И Т Е К Т У Р А И Д И З А Ј Н

Скопје, 11.06.2018

Согласно Законот за градење,
друштвото АРХИУМ Љупчо дооел го донесува ова

# РЕШЕНИЕ

**за формирање стручен тим**

за изработка на Основен конзерваторски проект од прва категорија за реконструкција на заштитени недвижни добра и добра во заштитена споменичка целина во Општина Штип, заведен во друштвото под технички број 07-2018-3
во следниот состав:

раководител на стручниот тим:
**Цветанка Хаџи Пецова, д.и.а., конзерватор советник**

членови на стручниот тим:
Виолета Џуровска, д.и.а. со овластување А.1.0350
Љупчо Џуровски, д.и.а. со овластување А.1.0351

Констатирано е дека лицата ги исполнуваат условите согласно позитивните законски прописи и актите на друштвото.

ДИРЕКТОР
ЉУПЧО ЏУРОВСКИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Бр. УП 1 29-3895
05.01.2015
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР
СКОПЈЕ
Примено: 15.01.2015
Орг. Един.: 04 | 30/1 | Вредност:

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00; 44/02; 82/08; 167/10 и 51/11), а во врска со член 164 став 2 од Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04; 115/07; 18/11; 148/11; 23/13; 137/13; 164/13; 38/14 и 44/14) и Извештајот за избор во звање од областа на недвижното културно наследство на Рецензионата комисија за избор и преизбор во стручно звање во областа на заштитата на недвижното културно наследство бр. УП 1 29-3895 од 22.12.2014, министерот за култура го донесе следново

# РЕШЕНИЕ
## за избор во стручно звање

1. **Цветанка Хаџи Пецова**, вработена во Националната установа Национален Конзерваторски центар - Скопје, со звање **виш конзерватор**, се избира во стручно звање **конзерватор советник**, во согласност со член 164 став 2 (точки 1 и 2) од Законот за заштита на културното наследство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

Кандидатот **Цветанка Хаџи Пецова,** вработена во Националната установа Национален Конзерваторски центар - Скопје, поднесе барање за избор во стручно звање **конзерватор советник** до Рецензионата комисија за избор и преизбор во стручни звања од областа на заштитата на културното наследство, формирана со Решение бр. 30-5191/1 од 2.05.2014 година од страна на Министерот за култура.

Рецензионата комисија во законски утврдениот рок поднесе писмен извештај УП 1 29-3895 од 22.12.2014 година до министерот за култура, во кој се содржани податоци за кандидатот, преглед и оцена на неговата стручна работа и оцена за исполнетоста на условите за избор во стручното звање.

Рецензионата комисија утврди дека кандидатот **Цветанка Хаџи Пецова**, ги исполнува условите утврдени во член 164 став 2 (точки 1 и 2 ) од Законот за заштита на културното наследство.

Имајќи ја предвид оценката на Рецензионата комисија од поднесениот извештај, министерот за култура одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство**: Против ова решение, именуваниот има право на жалба преку Министерството за култура до Државната комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на неговиот прием.

**Министер,**
**д-р Елизабета Канческа Милевска**

Република Македонија Министерство за култура Скопје

**Доставено до:**
-Кандидатот
-Рецензионата комисија
-Установа
-Архивата

подготви: Марина Милошевска
провери: Давча Спасова
согласен: д-р Бошко Ангеловски
согласен: м-р Снежана Ристовска

Република Македонија

## КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/12), Комора на овластени архитекти и овластени инженери издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

АРХИТЕКТУРА

на

## ВИОЛЕТА ЏУРОВСКА

Овластувањето е со важност до: 29.12.2018 год.

Број: **1.0350**

Издадено на: 29.12.2013 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Блашко Димитров,
дипл.град.инж

Република Македонија

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/12), Комора на овластени архитекти и овластени инженери издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

АРХИТЕКТУРА

на

## ЉУПЧО ЏУРОВСКИ

Овластувањето е со важност до: 29.12.2018 год.

Број: **1.0351**

Издадено на: 29.12.2013 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Блашко Димитров,
дипл.град.инж

ТЕХ.БР. 07 - 2018 - 3

архиум

А

А Т Е Љ Е З А А Р Х И Т Е К Т У Р А И Д И З А Ј Н

Скопје, 11.06.2018

Согласно Законот за градење,
друштвото АРХИУМ Љупчо дооел го донесува ова

# РЕШЕНИЕ

за одредување на одговорен проектант за фазата Архитектура за изработка на Основен конзерваторски проект од прва категорија за реконструкција на заштитени недвижни добра и добра во заштитена спомeничка целина во Општина Штип, заведен во друштвото под технички број 07-2018-3

За фаза: АРХИТЕКТТУРА

**Виолета Џуровска, д.и.а.** со овластување А.1.0350

Констатирано е дека лицето ги исполнува условите согласно Законот за градење и актите на друштвото.

ДИРЕКТОР
ЉУПЧО ЏУРОВСКИ

архиум
А Т Е Љ Е З А А Р Х И Т Е К Т У Р А И Д И З А Ј Н

Скопје, 11.06.2018

Согласно Законот за градење,
друштвото АРХИУМ Љупчо дооел го донесува ова

# РЕШЕНИЕ

за одредување на одговорен проектант за фазата Градежно-конструктивен проект во склоп на изработка на Основен конзерваторски проект од прва категорија за реконструкција на заштитени недвижни добра и добра во заштитена споменичка целина во Општина Штип, заведен во друштвото под технички број 07-2018-3

За изработка на Градежно - конструктивниот проект, како одговорен проектант се одредува:

**Благојче Стојаноски, д.г.и.** со овластување А.2.0330

Констатирано е дека лицето ги исполнува условите согласно Законот за градење и актите на друштвото.

ДИРЕКТОР
ЉУПЧО ЏУРОВСКИ

Република Македонија

# КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/12), Комора на овластени архитекти и овластени инженери издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

ГРАДЕЖНИШТВО

на

## М-р БЛАГОЈЧЕ СТОЈАНОСКИ

Овластувањето е со важност до: 22.01.2019 год.

Број: **2.0330**

Издадено на: 22.01.2014 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Блашко Димитров,
дипл.град.инж.



ОПШТ ДЕЛ

**1.0 ДОКАЗИ ЗА КОНЗЕРВАТОРСКО ПРОЕКТИРАЊЕ**

1.1 Акти за регистрација на правно лице, со шифра и опис на дејност што вклучува изработка на конзерваторски проект

1.2 Решение за формирање Стручен тим за изработка на конзерваторски проект

1.3 Решение за избор на стручно звање на раководителот на тимот

1.4 Решение за издавање на заштитно-конзерваторски услови

1.5 Решение за заштитен статус на *Градителска целина*,
Извод од план и
Извод од катастерски план за КП 8852

## 2. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТОТ

### 2.1. Предговор

Проектот за конзервација и реставрација на куќата на ул. „Никола Карев“ бр. 22 во Ново село Штип е резултат на претходни повеќегодишни опсервирања на овој објект, кој меѓу типските куќи во структурата на *Споменичката целина Ново Село* претставува своевиден пример, граден во духот на староградската градителска традиција. Поради мошне загрозената состојба на кровот и на ѕидовите во горниот дел на објектот, потребата за негова стручна заштита и санација е веќе подолг период постојано актуелна.
Изработката на конзерваторскиот проект за куќата на ул. „Никола Карев“ бр. 22 во Ново Село - Штип се врши согласно Договорот помеѓу *Општина Штип* и *Архиум (*Ателје за архитектура и дизајн - Скопје), заверен под арх. бр. 03-2571/16.
Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Штип е територијално надлежна стручна институција за третман на недвижното културно наследство кое се наоѓа во Ново Село, Штип.

### 2.2. Идентификација на доброто и неговиот заштитен статус

Во официјалната евиденција на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Штип, како и според достапната документација во ИНДОК центарот при НУ Национален конзерваторски центар Скопје, куќата на ул „Никола Карев“ бр. 22, КП 8852, во Ново Село_Штип нема поединечно Решение за утврдување својство споменик на културата, но предметниот профан објект влегува во дефинираните граници на **Градителската целина Ново Село Штип**, која со Решение бр. 0901-71 од 23.02.1994 год. има заштитен статус. Оваа градителска целина е внесена во Централниот регистер за недвижни споменици на културата на Република Македонија под рег. број 962/1995 г.
Исто така, објектот бил предмет на заштитен третман во Заштитно-конзерваторските основи за потребите на Детален урбанистички план за дел од УЕ 89 и 90 Ново Село-Штип, изработени од НУ Завод и Музеј Штип со бр.07-162/5 од 05.09.2013 год. Во наведените основи предметната кућа на ул. „Никола Карев“ бр. 22 се наоѓа во Инвентарната листа на незаштитени добра кои заслужуваат да бидат заштитени заради присуството на одредени архитектонски елементи/детали и според тоа истата да подлежи на соодветен режим на заштита.

### 2.3 Претходни заштитни интервенции на доброто

До сега од страна на надлежната стручна институција за заштита не се вршени заштитни интервенции на архитектурата на куќата. Од увидот во постојната состојба евидентирани се интервенции во поглед на разни поправки (екстериерно и ентериерно), доградување, премалтерисување, затварање/заѕидување на прозорски отвори и други градежни зафати кои биле спроведени во изминатиот период од страна на сопствениците, односно во

времето додека станбениот објект бил сè уште во функција и имал редовно/тековно одржување.

### 2.4. Цел, основни карактеристики и очекувани резултати од заштитните интервенции што се предлагаат

Една од основните цели на проектот е да се предложат соодветни мерки на непосредна заштита на архитектонско-просторните вредности на куќата со цел задржување на надворешниот изглед и внатрешната диспозиција на просторот. Исто така, со проектот се предвидени и интервенции од конструктивен аспект, со цел конструктивна консолидација и подобрување на сеизмичката сигурност и статичка стабилност на градбата. Се предлага сите дотраени или оштетени конструктивни дрвени елементи кои се наоѓаат на различни нивоа и позиции во куќата да се консолидираат, или заменат со нови од идентичен материјал, форма и големина.
*Крајната цел на проектот е ревитализација на куќата, а со запазувањето на објектот во неговата речиси изворна концепција, да биде зачувана и сликата за периодот на можеби најинтензивната градежна активност во Ново Село, пред крајот на XIX век.*
Заначајно е да се истакне дека и со реконструкција на архитектурата на соседните објекти со бр.2, 4 и 6 лоцирани во низа долж истата улица се оформува комплекс од објекти од градителското наследство, при што се отвараат можности за ревитализација на историската и амбиентална средина, преку давање на нова намена на станбените објекти, согласно современите потреби на модерниот туризам и програмските определби на општината, но притоа доследно почитувајќи ги наследените архитектонско - просторни карактеристики на градбите.

## 3.0 Резултати од истражувачките работи

3.1 Извештај од истражувачките работи на куќата

За време на теренскиот дел од истражувачките активности беше извршен детален архитектонски премер на димензиите на поединечните елементи во основа и височина на објектот со цел изработка на документација на постојната состојба. Исто така се изврши фото-документирање на постојната состојба на куќата и карактеристичните детали, како и снимање на оштетувања на поединечни елементи и дополнителни интервенции.
Воедно, се изврши визуелна опсервација на градбата со цел да се утврдат и дефинираат актуелните проблеми од архитектонско-конструктивен аспект и тоа преку согледување на општата физичка состојба на доброто, конструкцијата – стабилноста на главните сегменти од градбата *(темели, ѕидови, кров)*, како и утврдување на степенот на сочуваност/оштетеност на применетите материјали (камен, тула, малтер, дрво), со мапирање на обемот и видовите на оштетувања и евидентните промени од интервенции.
Конзерваторските истражувања на куќата беа извршени во текот на месец јуни 2018 год. и добиените сознанија од истите претставуваат солидна основа за изготвување на **Проектната задача за конзервација, реставрација и реконструкција на куќата на улица „Никола Карев“ бр.22, Ново Село -Штип.**

## 4.0 Анализа на постојната состојба

### 4.1 Опис на доброто

#### *4.1.1 Краток приказ на просторниот развој на Градителската целина Ново Село*

Ново Село се наоѓа во урбаното штипско подрачје и претставува една од најстарите населби во Штип. Иако нема прецизни податоци за нејзиното формирање, се претпоставува дека Ново Село постоело како посебна населба уште пред XIII век, а за тоа сведочат бројните цркви од тој период (меѓу кои е и црквата Св. Спас). Приодот до Ново Село е по течението на реката Отиња, која во самото село се влева во Брегалница.

Градителската населба Ново Село претставува оформена урбана агломерација со наследени архитектонски и споменички вредности, со смислена диспозиција на неколку оформени станбени групации (маала).

Во нејзиното оформување, односно како посебна карактеристика во просторната организација на населбата се нагласуваат архитектонските групации од станбени градби групирани околу значаен собирен пункт (црква, бунар...), потоа континуирана низа од објекти со просторни и композициони вредности поставени долж уличната стара оска, или како поединечен самостоен објект следејки ја конфигурацијата на теренот.

Во просторната организација на населбата се издвојуваат две урбани групации кои ја имале улогата на собирни центри и тоа едната е формирана околу црковниот ансамбл „Успение на Пресвета Богородица", а втората групација е месноста „Јавор."

Денес станбениот фонд на населбата Ново Село изнесува приближно 310 куќи, градени во различен период (од 19-от век и од поново време), со различен степен на физичка состојба, изглед и зачуваност на архитектонските карактеристики и др. специфики на градбите.

#### *4.1.2. Опис на објектот*

Куќата на ул. *„Никола Карев"* бр.22 е една од неколкуте куќи во Ново Село - Штипско која до денешен ден има зачувано висок степен од материјалната автентичност, екстериерен изглед и просторна организација на внатрешниот простор. Според архитектонско-просторните и функционални карактеристики претставува типичен репрезент на градителско наследство од старградската/традиционална архитектура која датира од крајот на XIX. Уредувањето на ентериерот иако со скромни уметнички содржини, сепак ги носи во себе особеностите на станбената старградска архитектура од поширокиот штипски регион. Целокупната дограма во куќата е изработена од дрво, вратите, прозорците, скромно обработената вградена покуќнина – долапи, мусандра, дрвени таваници придонесуваат во оформувањето на ентериерот и неговите естетски карактеристики.

Објектот е лоциран на кос терен со висина подрум, приземје и кат. Куќата во основа има неправилна правоаголна форма и припаѓа на типот куќи со отворен чардак, диспозициониран аголно, зафаќајки еден дел од подолжната северна предна страна на куќата и по цела длабочина на запад. Стрмниот терен на кој е изградена куќата условува

јасна диференција на просториите по својата намена, нивно групирање и взеамно поврзување. Така во подрумот се сместени економските простории, приземјето служело за помошни функции, а на катот се станбените простории и собата - работната кујна со ѕидано огниште и мијалник.
Во објектот има само еден влез, поставен директно на улицата „*Никола Карев*“, од каде преку двокрилна дрвена порта се пристапува во затворен трем (во кој се сместени еднокраки камени скали за пристап до приземниот дел (високо приземје) и дрвени двокраки, континуирани скали со едно прекршување под прав агол (покрај периметралните ѕидови/ јужен и западен) за интерна вертикална врска со катот. Исто така, од тремот е обезбеден пристап и во двете подрумски простории кои се делумно и на различно ниво вкопани во однос на котата на влезниот трем.
Просторната организација на приземјето и катот е различна. Приземниот дел се состои од две простории со нивна меѓусебна врска, односно од едната соба се поминува во другата. Додека распоредот на првиот кат е конципиран функционално и прегледно: три соби и чардак, чија позиционираност овозможува директна комуникација и пристап до трите простории. Димензиите и просторната организација на собите на катот се автентично зачувани, а посебно со својата репрезентативност се истакнува собата со југо-источна ориентација во која на западниот ѕид има вградена покуќнина (*мусандра*) оформена од дрвени долапи со централно изведена полукружна ниша. На запад од оваа просторија се надоврзува и собата со ѕидано огниште и мијалник (*работна кујна*), која исто така претставува една од карактеристиките на оваа куќа.
Подовите во подрумот се земјени, а во сите останати простории на приземјето и катот се дрвени со штици, ѕидовите се малтерисани и повеќеслојно офарбани со различни бои, а таваниците се дрвени со скромна обработка, изведени од даски, обработени со тесни профилирани лајсни во контактните зони (на спојот на две даски). Со својата посебност се истакнува таваницата во гостинската соба, каде меѓу рамната површина на таванот и рамната завршница на четирите ѕида изведен е благ лачен појас кој од рамнината на ѕидовите е одделен со плитка дрвена лајсна. Овој лачен сегмент е посебно нагласен со молерски изведените стилизирани цветни и геометриски шари во неколку нијанси на сината боја.
Кровот на куќата е решен на четири води со дрвена кровна конструкција и покривач од стара т.н турска керамида. Поткровниот венец - стреата е профилирана и финално малтерисана. Кај дополнително оформениот дел на западната страна од куќата, кровот е едноводен (со благ пад) и покриен со салонитни плочи.
Фасадната обработка на објектот е изработена во комбинација на камен и малтерисани /бело офарбани површини и тоа кај јужниот ѕид, на целиот потег во приземјето е презентиран камениот опус, додека камената ѕидарија во подрумскиот дел и приземните партии кај источниот и северниот ѕид дополнително се малтерисани. Фасадните платна на катот се изработени во бондручен систем (комбинација од плитар и двострана облога од штички), малтерисани и бело обоени. Сите дрвени елементи кај чардакот се третирани со темно кафеава боја.

4.2 Техничка проценка

*4.2.1. Анализа на применетата техника на градење*

Куќата на ул. *Никола Карев* бр.22 во Ново Село-Штип е градена во комбинирана градежна техника: *масивен конструктивен систем и бондрук*. За градење на куќата се употребени традиционални природни материјали: полуобработен камен за ѕидање (кај подрумските простории и приземјето (со врзно средство од земјен малтер), додека бондручните ѕидови на катот се изведени од примарна дрвена конструкција и внатрешна исполна од плитар. Ѕидовите од дрвениот бондрук се малтерисани од двете страни и финално варосани. Дрвото покрај употребата за оформување на бондручниот систем е применето и кај камената ѕидарија, во улога на хоризонтален серклаж (кушак) интерполиран на одредено растојание, потоа кај меѓукатната и кровната конструкција, конструктивните и декоративни елементи кај скалите, чардакот, како и кај фасадните еркери. Карактеристичен елемент кај трите фасади од исток, југ и север е конзолниот испуст на катот во однос на приземниот волумен, кој е изведен со неправилна/закосена форма (на пр. кај југоисточниот агол испустот изнесува 31 см, а 80 см е кај с-и ).

Дебелината на периметралните ѕидови е различна: кај јужниот ѕид е 65см, додека кај источниот и северниот ѕид дебелината изнесува 30см. Дебелината на ѕидовите на катот варира од 16-20цм. Покрај западниот ѕид од предметната куќа е долепен нов објект.

*4.2.2 Анализа на обемот и видот на оштетеност/сочуваност*

Во времето додека куќата била функционална и сѐ уште се користела за живеење, а во зависност од потребите и можностите на семејството биле вршени одредени интервенции и зафати за подобрување на состојбата на градбата. Таквите активности довеле до одредени промени на првобитниот концепт на градбата од повеќе аспекти и истите во најголем дел резултирале со денешниот изглед на куќата (екстериерно и внатре). Со оглед на фактот дека куќата досега не била предмет на заштитни интервенции во рамките на анализата на физичката состојба ќе бидат опфатени следните *проблемски аспекти:*

*а/ детектирање на сегашниот степен на оштетеност на архитектонските и конструктивните елементи од недвижното добро,*

*б/ утврдување на дополнителни промени настанати од употреба на несоодветни материјали и др. интервенции.*

<u>*Кров - кровен покривач*</u>

Врз основа на извршениот визуелен преглед на кровот регистрирана е следната состојба:

- Постојниот четириводен кров е во исклучителна лоша состојба и претставува најголема опасност заради започнатиот процес на уривање на југо-западниот дел. Состојбата на покривачот од т.н турски керамиди е незадоволителна со видливи дисплоцирани, проретчени и одпаднати керамиди. Заради продорот на атмосферски врнежи, дрвената граѓа е изгниена и отпадната, со што постои сериозна опасност од понатамошна дестабилизација на кровниот систем и деградација на материјалите. Дополнителен проблем кај кровот претставува и контактот со доградениот дел од запад, кој е нестручно изведен, со несоодветни и деградирани материјали, а покривот од

керамиди проретчен, заради што атмосферлиите навлегуваат во северозападниот дел на катот на куќата со што е уништена дрвената граѓа (таваници, подови).



*Состојба на кров/оџак/стреа*



*Дограден дел кон основниот волумен на куќата*

- Поткровниот венец - симсот е во лоша состојба на зачуваност со видливи оштетувања на малтерната облога и дрвените елементи од конструктивниот склоп. Одвоени, напукнати и одпаднати фрагмени од малтер се присутни по целата должина на стреата, со видливи оштетувања од влага.



Симс- југоисточен потег
*Одпаднати фрагменти од малтерната облога*



Симс- источна фасада
*Видливи оштетувања од влага на малтерот и дрвените елементи*

<u>Фасади:</u>

Кај фасадните површини евидентна е следната состојба на сочуваност/оштетеност и тоа:
<u>*а) Јужна фасада*</u>

- Видливи оштетувања кај камениот дел од ѕидот со минимално изразена дестабилизација на ѕидаријата (појава на изместени камења од лежиштето и нивно местимично отпаѓање во долните зони), еродирано и исчезнато врзно средство (празни фуги), видлив деформитет на дрвените греди од меѓукатната конструкција, недостаток од заштитен третман на дрвените кушаци,
- Фасадниот ѕид на катот се наоѓа во незадоволителна состојба и постои ризик од негово понатамошно влошување и обрушување (речиси по целата должина има појава на потклобучени површини), но оштетувањата во најголем обем се изразени во средишниот дел од ѕидот, каде е отпаднат поголем фрагмент од малтерната облога, дошло до обрушување во тој дел од ѕидот и постои потенцијална опасност од влошување на констатираната состојба,

- кон оригиналниот волумен на куќата, од нејзината западна страна извршено е дополнително доградување. Доградениот ѕид на катот во поголем обем е во полуразурната состојба, со тенденција на понатамошно целосно обрушување,
- извршено е затварање/заѕидување со тула на оригинален прозорски отвор,
- постојните дрвени рамки кај прозорските отвори се дотраени со делумна иструленост и без заштитен третман на дрвото.



Постојна состојба на јужната фасада







состојба на камената ѕидарија во долните партии

Сериозни оштетувања и деградација на елементите од бондрукот
(*обрушување на поголем дел од ѕидот)*

*б) Источна фасада*

- висок степен на оштетеност на фасадниот ѕид на катот (отпадната малтерна облога во целата парапетна зона и деградација на постојните елементи од бондрукот,
- дополнително, на целиот потег на камениот дел од подрумот и приземјето било извршено малтерисување со цементен малтер,
- извршена е промена на изгледот на прозорскиот отвор во приземниот дел со нов (изведен е нетипичен трокрилен),
- заѕидан е оригинален прозорски отвор на катот, а во приземјето е изведен нетипичен, трокрилен прозорец (на местото на некогашниот отвор кој се затворал со дрвени капаци, а служел за проветрување и сушење на тутунот),



Постојна состојба на источната фасада





Оштетувања и промени од дополнителни интервенци во приземјето и на катот



изразен деформитет и деградација на дрвените елементи

*в/ Северна фасада*

- лоша состојба на зачуваност на постојните/вградени елементи кои учествуваат во конципирањето на северното фасадно платно (малтерна облога, бондручен систем, дрвени еркери, аголен столб, дрвени елементи кај чардакот, фасадна столарија (прозорци, врати),
- долж северниот ѕид (во висина на видливиот камен дел од подрумскиот ѕид), дополнително е изведен бетонски парапет со дебелина од 20см. (веројатно за подобрување/санација на тој дел од ѕидот),
- во приземниот дел, откога накнадно е додадена уште една просторија, изведен е прозорец нетипичен, премачкан со несоодветна зелена боја



Постојна состојба на јужната фасада
*евидентни оштетувања на вградените материјали, особено изразени кај дрвените елементи (греди, косници, врата, прозорци...)*





Ентериер: Веке подолг период објектот се наоѓа во руинирана состојба, без редовна грижа и одржување. Општата состојба на ентериерниот простор е лоша на сите три нивоа (подрум, приземје и кат), како и на вградените конструктивни и архитектонски елементи.







Трем

*Состојба на зачуваност на скали,дрвена меѓукатна, влезна врата....*

*Еднокраки дрвени скали:* исклучително лоша состојба на зачуваност на конструктивните и декоративни дрвени елементи кај скалите, со видлив деформитет и дотраеност на дрвото и промени од дополнителни интервенции.







*Состојба на зачуваност на дрвените скали и ѕидните површини*

*Кат - Чардак:* незадоволителна и запуштена состојба на целиот простор, со дотраени, елементи и деградација на материјалите применети кај ѕидните, подни и тавански површини.







Кат - Отворен тип на чардак

*Висок степен на деградација/ потклобучении малтерни и боени слоеви на ѕидовите, денивелација и дестабилизиција на подните штици, деформирани, дотраени, откована и исчезнати дрвени елементи кај оградата*

*Кат - Соба бр. 2 - Работна кујна:* задржан висок степен на автентична зачуваност на вградена покуќнина и другите ѕидани елементи, но во крајно лоша и запуштена состојба.



Кат- соба бр.2 (Работна кујна)

*висок степен на оштетувања од влага, речиси на целата површина и отпаднат таван во средишниот дел*



*Кат-Соба бр. 3: Вградена покуќнина / врати / таваници:* релативно добра состојба на автентична зачуваност на вградениот сет од дрвените елементи кај мусандрата во југо-источната одаја на катот. Извршени се несоодветни премази кај вратите и долапите со мрсна боја.



Соба бр. 3 - кат
*Оштетувања од влага кај елементите од дрвената таваница*



Соба бр.3 - кат
*Автентично зачувана мусандра во релативно добра состојба*



Соба бр. 4 - кат
*Автентично сочувана дрвена врата*

## РЕЗУЛТАТИ

### од извршените конзерваторски истражувања на куќата

- *Од аспект на екстериерниот изглед и просторната организација* во внатрешноста на куќата, општа констатација е дека истата во најголем дел го задржала автентичниот архитектонски изглед од надвор и основниот концепт на планот, но од друга страна, евидентно е дека промените направени на оригиналните форми/ елементи/детали се резултат од дополнителни интервенции и нестручни зафати во ентериерот и кај фасадните платна и истите, заедно по обем и вид, придонесуваат кон одредено нарушување на автентичниот изглед и првичната концепција на објектот.
- *Констатирано е дека постоечкиот кровен систем* (кровна конструкција и покривач) се наоѓа во исклучително лоша состојба, со видлива деградација на материјалите и евидентно нарушен склоп на конструктивните и секундарни дрвени елементи, особено заради урнувањето на значителен сегмент од кровната површина. Освен директните прокиснувања кај отворениот/разурнат дел од кровот, регистирани се деструкции од атмосферски врнежи на вградените материјали и на други позиции во внатрешноста на куќата, што укажува за нефункционалноста на постојниот кровен покривач.
- *Кај постојните меѓукатни конструкции од куќата*, констатирана е различна состојба и степен на зачуваност/оштетеност на дрвените елементи кај секое поединечно ниво. Дрвениот гредоред од првата меѓукатна конструкција (помеѓу подрумот и приземјето) се наоѓа во добра и задоволителна состојба, без видливи деформации на носивите греди, додека оштетувања од посериозен карактер се регистрирани кај поединечните елементи од дрвената конструкција изведена помеѓу приземниот дел и катот. Изразениот деформитет кај оваа конструкција и евидентните пукнатини кај поголем процент од гредниот систем упатуваат на заклучок дека за овие оштетени носиви елементи, постои реален проблем околу нивното понатамошно егзистирање на затекнатите позиции.
- *Во поглед на конструктивна стабилност на куќата* општа констатација е дека нејзините периметрални ѕидови од камен се во релативно стабилна статичка состојба, нема регистрирано оштетувања од посериозен карактер на каменета ѕидарија и во таа смисла не постои потенцијална опасност од загрозување на постојната градежно-конструктивно структура. Во однос на стабилноста на бондручните ѕидови постои тенденција кон благо нарушувања на нивниот конструктивен склоп, особено се ризични потезите каде се регистрирани процеси на парцијални оштетувања на парапетните зони од ѕидот.
- *Поединечно вградените градежни материјали/елементи кои учествуваат во концепирањето на фасадните платна* од куќата имаат различен степен на сочуваност, односно оштетеност. Кај сите фасадни платна на катот постојат

одредени оштетувања кај вградените материјали од бондручниот систем, еркерите, како и кај елементите од отворениот чардак и фасадната столарија.

- *Што се однесува до појавата на блага дестабилизираност на ѕидарскиот опус* и делумно отпаѓање на камења на одредени потези во најдолната зона кај јужниот ѕид, упатува на ослабнато врзно средство и изгубен контакт помеѓу малтерот и каменот, без притоа наведените појави да предизвикаат посериозни нарушувања на статиката на градбата. Интервенциите со цементен малтер, констатирани во различен обем и висински зони на приземјето кај источната и северната фасада на куќата се несоодветни и нестручно изведени и истите го нарушиле автентичниот изглед на тој сегмент од градбата.

- *Ентериерот на куќата* претставува запуштен и подолг временски период неодржуван простор на сите три нивоа. Во таа смисла, постојните ѕидни, подни, тавански облоги, камени и дрвени скали, вградени елементи (ниши, огниште, долапи, украсни опшиви, полици), врати, прозорци, како и конструктивните и декоративни елементи кај чардакот се наоѓаат во различна физичка состојба и степен на сочуваност, не само од недостаток на заштитен третман, туку сумарна констатација е дека повеќе фактори, заеднички придонеле за патологија на постојните/вградени материјали, како и промени од аспект на задржан/изгубен автентичен изглед (форма, големина, боја, материјал) и други промени.

## 5.0 ПРОЕКТНА ПРОГРАМА (ЗАДАЧА)

Проектната задача за конзерваторско - реставраторски интервенции на куќата на ул. „Никола Карев“ бр.22 во Ново село, Штип е изработена врз основа на резултатите од извршените конзерваторски истражувања на самиот објект (од аспект на неговата состојба, стабилност, видот и степенот на сочуваност на вградените материјали) и со почитување на издадените заштитно - конзерваторски услови (Решение издадено од Управата за заштита на културното наследство).
Имајќи ги предвид значајните архитектонско - просторни карактеристики на куќата, при изработката на конзерваторскиот проект за усвоен степен на заштитна интервенција се предвидуваат конзервација и реставрација на архитектонско - градежната структура на градбата и интервенции од аспект на консолидација и темелна обнова (реконструкција) на елементите со висок процент на оштетеност.

*Програмски задачи и План на интервенции*:

Со конзерваторско-реставраторските интервенции се предвидува запазување / задржување на затекнатиот архитектонски план и на сите автентични зачувани елементи / детали констатирани со истражувачките работи, а преку изведба на соодветни заштитни мерки да се обезбеди конструктивен интегритет и подобрување на физичката состојба, со цел подолготрајна егзистенција на објектот.

**<u>Програмски задачи:</u>**

**Екстериер:**

- Куќата да го задржи постојниот габарит, височина и да се задржат димензиите и геометријата на карактеристичните еркерни испусти на катот по целата должина, како и да се задржи идентична позиција, изглед и материјал на дрвените косници.
- Поради високиот степен на оштетеност и лом на постојниот кров, да се предвиди негова целосна замена, а новиот кров треба да биде изведен на начин и со материјал идентичен како постојниот (четироводен кров и за кровен покривач да се употреби керамида).
- Да се задржи постојниот поткровен венец - симс во однос на изглед и техника на изведба/обработка, со сите потребни реставраторски зафати за замена на иструлените штички од потконструкцијата со нови, финална обработка со малтер.
- Задржување на постојната диспозиција и изглед на карактеристичните дрвени елементи на фасадите: косници, чардак со ограда иста како постоечката, ритам и форма на прозоркси отвори.
- Да се предвиди ревизија на постојните меѓукатни конструкции и предвиди парцијална замена на оштетените дрвени греди од меѓукатните конструкции со нови со идентични димензии и материјал, или зајакнување на постојните (проценка на лице

место, во текот на реализацијата на работите и по отстранувањето на дел од подните елементи).

- Да се презентира камениот опус на ѕидаријата во приземните партии кај трите фасади. Во тој контекст, се предвидува внимателно и постапно да се изврши комплетно отстранување по механички пат на несоодветните интервенции со цементен малтер од камената ѕидарија кај источната и северната фасада, да се изврши конзерваторски третман на камената ѕидарија (темелно чистење на фугите од постојниот и оштетен малтер, пломбирање и преѕидување на нестабилни камења, како и финално фугирање со хидрауличен малтер).
- Да се предвиди санација на постојните фасадни ѕидови на катот (поставување на нови дрвени летви, поставување на специјална мрежа од надворешната страна за зајакнување на ѕидните платна (тип Rofix) и малтерисување на ѕидовите. Со голема внимателност и постапно да се изврши замена на сите оштетени елементи од бондручниот систем со нови, без притоа да се наруши конструктивниот склоп.
- Да се предвиди отварање на заѕиданите оригинални прозорски отвори на катот од источната и јужната фасада со цел да врати изгледот на објектот.
- Да се предвиди комплетна замена на постојната фасадна столарија (прозорци и влезната двокрилна дрвена врата) и истите да бидат изработени од дабово дрво (со формат и изглед по пример на постојниот модел).
- Обработката на фасадните платна на куќата предвидува презентација на ѕидарскиот опус во приземните партии, а ѕидовите на катот да бидат малтерисани и финално обоени во бела боја.
- Да се предвиди заштитен премаз на сите видливи конструктивни и архитектонски дрвени елементи со средство за дрво, боја костен.

**Ентериер:**

- Да се задржи постојната просторна организација на внатрешниот простор на трите нивоа.
- Заради новата јавна функција на објектот треба да се предвиди санитарен јазол.
- Во влезниот трем, подрумот и скалите за пристап до приземјето да се предвиди поплочување со камени плочи.
- Во приземјето да се задржат прозорските отвори и врати (да се изврши отстранување/чистење на мрсната зелена боја од дрвото).
- Да се изврши реконструкција на постојните дрвени скали за катот со нови.
- Да се изврши отстранување на оштетените, потклубучени малтерни и боени слоеви од сите ѕидни површини (на трите нивоа) и изврши повторно малтерисување со варов малтер.
- Кај постојните дрвени таваници и подови на просториите на катот да се изврши целосна замена на елементите со висок степен на оштетеност.
- Постојните дрвени врати на катот да бидат конзерваторски третирани, крилата од вратите привремено да бидат отстранети (за време на градежните работи) и истите

повторно да бидат вградени (чистење на боените слоеви и повторна заштита на дрвото со соодветно средство за дрво).

- Да се задржат постојните елементи од вградената покуќнина во југо-источната одаја и истите да бидат конзерваторски третирани.
- Постојните дрвени хоризонтални опшиви и полици, долап, огниште и мијалник во работната кујна на катот се задржуваат во нивната затекната состојба (изглед и форма), да се предвиди соодветен заштитен третман за зачувување на нивниот изглед (со претходно чистење и санирање на оштетените површини/делови).

Изработила:

м-р Цветанка Хаџи Пецова, д.и.а.
конзерватор советник

АРХИУМ

Директор
Љупчо Џуровски д.и.а.

**ТЕХНИЧКИ ОПИС**
***и предлог за заштитни интервенции***

Врз основа на резултатите од извршените истражувачки работи и во согласност со Проектната програма предложените конзерваторско - реставраторските работи ќе се одвиваат според следните пропозиции:

1. Подготвителни работи

*Монтажа на скеле*

Поради доградбата од западната страна на куќата, прилепениот објект до куќата, како и специфичната конфигурација на теренот, поставувањето на металното монтажно скеле ќе се изврши само од оние страни на куќата и на оние позиции, каде е тоа возможно, безбедно и потребно. Скелето се поставува до височина на поткровниот венец на куќата со цел изведување работи на: *поткровниот венец, демонтажа на постоечкиот кров, како и изведување конзерваторско-реставраторски и санациони работи и друг вид на заштитни интервенции на фасадните површини.*

**Фасади**

Конзерваторско-реставраторските интервенции и конструктивна консолидација се применуваат на сите фасадни површини на куќата кои се слободни (односно нема соседен објект).

- се задржува постоечкиот ритам и број на прозорци, се врши отварање на заѕиданите прозорски отвори, изработка и поставување на нови прозорци, фарбање со водотпорен садолин (кафеава боја),
- постоечката влезна врата од северната страна се заменува со нова дрвена, идентична на постојната,
- во приземниот дел од источната и северната фасада се врши внимателно отстранување/обивање на цементните интервенции низ целата височина на камениот дел од ѕидната површина. Кај сите три фасади се врши чистење на фугите од остатоците од малтер (во длабочина минимум 3цм, доколку е можно и подлабоко). Исто така се врши отстранување на постојните остатоци од фасадниот малтер и чистење на лицето на каменот,
- кај јужната фасада, во приземните партии се врши преѕидување и пломбирање на дестабилизирани и одпаднати камења со продолжен малтер,
- се врши систематско инјектирање за конструктивна консолидација на камената структура (според утврдена методолошка постапка),
- фугирање на ѕидовите од камен со хидрауличен малтер и презентација на камената ѕидарија,
- консолидација на фасадните платна на катот, третман на дрвениот бондручен скелет на начин на кој ќе бидат третирани сите дрвени елементи (делумно поставување на нови носиви елементи од бондрукот на местата на оштетените) и поставување на нови летви, рабицирање и малтерисување,
- сите фасадни дрвени елементи се третираат со заштитен премаз, додека дрвените елементи со висок степен на оштетеност (косници, столбови, ограда кај чардакот, хоризонтални појасни греди - кушаци), се заменуваат со нов - идентичен дел, и соодветно се третираат со заштитен премаз,

- западниот сегмент од јужниот ѕид на катот се преѕидува со тула, рабицирање и малтерисување,
- се врши реконструкција на западниот ѕид и истиот се изведува (бетонски во приземје и на катот), со дилатација од 5цм со соседниот ѕид,
- финален третман на фасадните површини: презентација на камената структура во приземниот дел и бооење со бела боја на катот,

Реконструкција на Кров:

- демонтажа / отстранување на кровниот покривач и целосна демонтажа на носивите дрвени и секундарни елементи од постојната кровна конструкција,
